**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ**

**За период Јануари - Март 2023 година**

Пекабеско АД  за периодот Јануари-Март 2023 оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи од работењето во периодот Јануари-Март 2023 година изнесуваат  1.165 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат зголемување од 1%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 99%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2022 година бележат зголемување од  1%.

**Вкупни расходи**

Остварените вкупни расходи во периодот Јануари-Март 2023 година изнесуваат 1.160 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат зголемување од  2%.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Март 2023 година изнесуваат 19 милиони денари. Инвестициите се главно во производствена и канцелариска опрема.

Во првиот квартал 2023 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Вкупната задолженост на 31.03.2023 година изнесува 189 милиони денари

**Дивиденди**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Март 2023 нема исплатено дивиденда

**Вработеност**

Бројот на вработени во Пекабеско АД за периодот Јануари-Март 2023 изнесуваше 434 вработени, помалку за 8% од минатата година

**Очекувања за престојниот период**

Целокупното работење во Пекабеско ад е поставено согласно препораките што се носат од страна на надлежните органи и се менаџираат соодветно.
Ликвидноста на компанијата е задоволителна. Нема репрограмирање на обврските како спрема финансиските институции ниту спрема добавувачите во земјата и странство. Залихите со репроматеријали се поставени на соодветно ниво согласно економската ситуација во земјата и странство.
Компанијата ги следи економските трендови во националната, регионалната и глобалната економија со цел да се здобие со информации корисни за процесот на одлучување.

Пекабеско ад